Бр. 16-5182/1
03.12.2012 година

III Македонска бригада 20
Зграда на Македонија Табак
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2457-895
Факс: (02) 2457-893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

# Упатство за користење на EXIM системот при поднесување на барање за увоз на храна од неживотинско потекло и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната преку лиценцата AXB-I007

Согласно Законот за безбедност на храната ("Сл. Весник на РМ бр.157/10, 53/11 и 1/12 ") надлежностите на инспектор за храна на инспекциско место на граничен премин вклучува: проверка и преглед при увоз на пратки со храна од неживотинско потекло и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна, преглед на документи, идентитет и физички преглед на пратката, утврдување на условите за превоз и дали превозното средство ги исполнува условите пропишани со закон.

Започнувајќи од 18.07.2011 година, прегледот и проверките на храната од неживотинско потекло се спроведува на инспекциските места на граничен премин на влез во Република Македонија.

Согласно член 88, 89 и 90 од Законот за безбедност на храната, инспекторот за храна на граничен премин за извршената проверка и преглед издава **лиценца за увоз** Согласност/Решение за увоз на пратка со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна, кои задолжително ги доставува и до царинските службеници.

Согласно Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки („Службен Весник на Република Македонија" бр.134/2008) и нејзините измени и дополнувања („Службен Весник на Република Македонија" бр.13/2011), инспекторите за храна на граничен премин го превземаат и процесирањето/одобрувањето на лиценците во **EXIM системот за секоја прегледана пратка.**

Во продолжение е даден кодот на лиценца пријавена во EXIM системот кој ќе се одобрува од страна на инспектор за храна на граничен премин

| Код на Агенцијата за храна и ветеринарство | Код на лиценцата | Име на лиценцата | Намена |
|---|---|---|---|
| АХВ | I007 | Согласност/Решение за увоз на пратка со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна | Лиценца за увоз на храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна |

**Пратките** кои во EXIM системот подлегнуваат на **лиценцата АХВ-I007 се прегледуваат на граничен премин како што се процесираат/одобруваат на граничните премини и лиценците АХВ-I007 .**

1. **Поднесување на барање за преглед и проверка на инспекциско место на граничен премин.**

EXIM овозможува електронско поднесување на барањата за дозволи за увоз, извоз од страна на деловната заедница, како и електронско издавање на дозволите од страна на надлежните институции. Преку системот, подносителите можат да го следат статусот на процесирање на нивните барања, се до нивното конечно издавање.

**Постапка за аплицирање на погоренаведената лиценца во EXIM системот:**

Најавата за пристигнување на пратката на граничен премин увозниците на овој вид пратки или шпедитерските агенти кои се овластени да аплицираат во EXIM системот за увозните лиценци во име на увозниците, се врши со пополнување на барање за лиценцата 24 часа пред пристигнување на пратката на граничниот премин.
Увозниците на овој вид пратки или шпедитерските агенти кои се овластени да аплицираат во EXIM системот за увозните лиценци во име на увозниците, пред се треба да ги исполнуваат **Услови за користење на функционалностите на EXIM наведени поделе и објавени на официјалната веб страна (слика1):**

www.exim.gov.mk 


Слика 1.




### Услови за користење на функционалностите на EXIM

За да ги користат функционалностите на EXIM, компаниите треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат стабилна Интернет врска
- Да поседуваат валидна е-маил адреса
- Да поседуваат **дигитален сертификат**
- Да бидат регистрирани во системот
- Да имаат инсталирано подршка за JAVA 1.6
- Да имаат инсталирано македонска подршка за пополнување на обрасците

Со исполнување на погоренаведените услови, постапка за аплицирање е исклучително лесна и започнува со најавување во системот преку корисничко име и лозинка **(види слика 2)**.

Слика 2.




По што во левиот агол се одбира делот ЛИЦЕНЦА (**види слика 3**).

Слика 3.




Во овој дел се одбира ВНЕСИ БАРАЊЕ и во делот ЛИЦЕНЦА, во зависност од намената се избира УВОЗ (**види слика 4.**).

Слика 4.




Потоа преку прозорчето НАЈДИ БАРАЊЕ, во зависност од потребата на увозникот се избира:

- **лиценцата АХВ I007 (види слика 5).**

Слика 5.




После овој чекор се пристапува кон електронско пополнување на полињата од избраната лиценца (**види слика 6 и слика 7**).

Слика 6.



Слика 7.



Постапката на аплицирање завршува со кликнување на ОДИ НА СЛЕДЕН ЧЕКОР .

Насоката за пополнување на лиценцното барање дадена е во прилогот на овој документ како :

- **Инструкција за пополнување на лиценцно барање АХВ I007**

Бараните податоци при електронското пополнување на полињата од избраната лиценца, треба да се во согласност со документацијата што ја прати пратката, како:

- Фактура ,
- Сертификат за увоз ( безбедност),
- Транспортни документи.

Вака поднесеното барање се здобива со статус НЕПРОЦЕСИРАНО во EXIM системот.

Барањето што се поднесува преку EXIM системот, во хартиена форма со пропратната документација се доставува до инспекторот за храна и со уплатници:

- за уплатени 600,00 денари административни такси на соодветна жиро сметка, согласно упатството за административни такси http://www.ahv.gov.mk/images/stories/zabrani/Upatstvo_za_nacin_na_upata_adm_taksa.pdf или Види во делот EXIM Упатства
- за уплатени 1000,00 денари за инспекциски надзор на соодветна жиро сметка дадена во Пример 1 или Пример 2,
- за уплатени 500, 00 денари доколку се узоркува мостра за лабораториско испитување на соодветна жиро сметка дадена во Пример 1 или Пример 2.

По извршената проверка и преглед на пратките со храна од неживотинско потекло и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна наменети за увоз, поднесеното лиценцно барање со статус НЕПРОЦЕСИРАНО, инспекторите за храна на граничен премин, го прифаќаат и доколку прегледот на документи, прегледот на идентитет на пратката и физичкиот преглед не покажат неусогласеност, инспекторите за храна на граничен премин **го ОДОБРУВААТ.**

**За секоја прегледана пратка издаваат** Согласност/Решение за увоз на пратка со храна, производи и материјали што доаѓаат во контакт со храна**, со што се менува статусот на барањето во ОДОБРЕНО, што значи дека увозот на пратката за соодветното лиценцно барање е дозволен.**

**Доколку при официјалната контрола се констатираат неусогласености пратката се забранува за увоз и лиценцното барање се здобива со статус ОДБИЕНО.**

**Заменик директор,**

**Абдулезел Догани**

# Б А Р А Њ Е

Реф.Број: _______________

## ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ/РЕШЕНИЕ ЗА УВОЗ НА ПРАТКА СО ХРАНА, ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ КОИ ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНА

| | |
|---|---|
| ЕДБ на Увозник/Примач: | |
| Име и адреса: | |
| ЕДБ на Генерален застапник: | |
| Име и адреса: | |
| Вид на транспорт: | |
| Идентитет на трансп. средство: | |
| Земја на поаѓање/извоз: | |
| Сертификат за квалитет и безбедност на стоката | |
| Реф.Број на сертификат: | |
| Датум на издавање на сертификатот(dd.MM.yyyy) | |
| Стоката е/ќе биде сместена: | |
| Адреса, Град: | |
| Трошоците за анализа ги плаќа: | |
| ЦИ каде се декларира стоката: | |

| | |
|---|---|
| Опис на стоката | |
| Тарифна ознака: | |
| Опис на тарифна ознака: | |
| Трговски опис: | |
| Количина во ЕМ: | |
| Бруто маса (КГМ): | |
| Нето маса (КГМ): | |
| Вид на пакувања: | |
| Број на пакувања: | |
| Производител: | |
| Адреса, Град: | |
| Земја: | |
| Испраќач/Извозник: | |
| Адреса, Град: | |
| Земја: | |
| Земја на потекло: | |

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　　　Потпис и печат

ОБ 7.5-4.2-10в01

Уплатата на други/дополнителни надоместоци за увозни дозволи за лиценцата АХВ I007 која е во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) се врши со пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50.

За лиценците предмет на проверка и преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин и инспектор за храна на граничен премин, од практичен аспект, Уплатата на други/дополнителни надоместоци за увоз може да се изврши на два начина:

1.1 кога уплатата е завршена претходно во хартиен облик-што значи дека барателот нема добиено референтен број од едношалтерскиот систем, види пример 1.

1.2 кога се врши уплата на други/дополнителни надоместоци за издавање на лиценца во електронски облик преку едношалтерскиот систем EXIM со пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50 во електронски облик, види пример 2.

1.1 Насоки за пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50, во случај кога уплатата е завршена претходно во хартиен облик-што значи дека барателот нема добиено референтен број од едношалтерскиот систем, види пример 1.:

Во рубриката:
- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ:

Се наведува шифрата на лиценцата за која е одговрна АХВ за нејзино издавање (АХВ- I007).

Во рубриката:
- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:

Задолжително се наведува единствениот даночниот број (ЕДБ) на корисникот без оглед на тоа кој е налогодавач за уплатата на административната такса.

Во рубриката:
- ИЗНОС:

Се пополнува вкупниот износ на уплата по основ на други/дополнителни барања за издавање соодветно лиценцно барање (види: Табела 1. - Табеларен преглед за износ на други/дополнителни надоместоци, во денари)

Пример 1.:



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - (ЗАДОЛЖУВАЊЕ) АХВ - I007

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА 4030996253296 - ИНСП.НАДЗОР НА ХРАНА И ПРЕДМ. И МАТЕР. ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ Буџет на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧ НАРОДНА БАНКА НА РМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА 100000000063095

ИЗНОС МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК 140056162063116

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА 723818 20

НАЧИН 1

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

образец ПП50

1.2 Насоки во случај кога се врши уплата на други/дополнителни надоместоци за издавање на лиценца во електронски облик преку едношалтерскиот систем EXIM со пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50 во електонски облик, види пример 2.:

Во рубриката:
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ:
**Задолжително се пополнува единствениот референтен број под кој се регистрира барањето во едношалтерскиот систем EXIM, кој се добива автоматски од системот (кој се состои од 18 цифри) .**

Во рубриката:
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:
**Задолжително се наведува единствениот даночниот број (ЕДБ) на корисникот без оглед на тоа кој е налогодавач за уплатата на други/доплонителни надоместоци, исто така се наведува и дека дополнителните надоместоци се однесуваат на <u>инспекциски надзор на храна и предмети и материјали кои доаѓаат во контакт со храна.</u>**

Во рубриката:
ИЗНОС:

Се пополнува вкупниот износ на уплата по основ на други/дополнителни надоместоци за барање за издавање соодветно лиценцно барање
(види: Табела 1. - Табеларен преглед за износ на други/дополнителни надоместоци, во денари).

Пример 2.:


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - (ЗАДОЛЖУВАЊЕ)
I00720120821427880

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
4030996253296 - ИНСП.НАДЗОР НА ХРАНА И ПРЕДМ. И МАТЕР. ШТО ДОАЃААТ ВО КОНТАКТ СО ХРАНА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
Буџет на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧ
НАРОДНА БАНКА НА РМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5

ИЗНОС
МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА КОРИСНИК
1 4 0 0 5 6 1 6 2 0 6 3 1 1 6

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
7 2 3 8 1 8 2 0

НАЧИН
1

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

Следниве податоци не се менуваат и се однесуваат на двата начина на пополнување **на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50:**

- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ-БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- БАНКА НА ПРИМАЧОТ-НАРОДНА БАНКА НА РМ
- СМЕТКА- **единствена трезорска сметка** 100000000063095
- СМЕТКА НА КОРИСНИК – 1400561620 631 16

-ПРИХОДНА ШИФРА 723818 ПРОГРАМА 20

-ДАТУМОТ НА ВАЛУТАТА И ДАТУМОТ НА УПЛАТАТА **треба да бидат идентични**

-НАЧИН- 1 (за да може уплатувачот веднаш да ја користи уплатата т.е уплатата ќе биде веднаш реализирана од банката) **или 2**

Табела 1.
**Табеларен преглед за износ на други/дополнителни надоместоци во денари**

| **Надлежна институција** | **Код на лицен цата** | **Име на лиценцата** | **Намена** | **Износ на дополнителен надоместок во денари** |
|---|---|---|---|---|
| АХВ | I007 | Согласност/Решение пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | Инспекциски надзор | 1000 |
| АХВ | I007 | Согласност/Решение пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | За земање на мостра за лабораториско испитување | 500 |

**Заменик директор,**
**Абдулезел Догани**